Република Северна Македонија
Средно општинско земјоделско
училиште
"Кузман Шапкарев"-Битола
Број 01-207/1
Од 13.08.2021 година
Б и т о л а

**СРЕДНО ОПШТИНСКО ЗЕМЈОДЕЛСКО УЧИЛИШТЕ „КУЗМАН ШАПКАРЕВ“ – БИТОЛА**

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА
# СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО СОЗУ „КУЗМАН ШАПКАРЕВ“ - БИТОЛА
# ВО 2021 ГОДИНА

Битола, август 2021

Врз основа на Заклучокот од Педесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, точка 83 заклучоци 17, 19 и 25 одржана на 2 март 2021 година, а во врска со Насоките и препораките за преземање и реализација на мерки за борба против корупцијата и согласно член 131 од Статутот на СОЗУ „Кузман Шапкарев" - Битола, Директорот на Училиштето го донесе следниот

## ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО СОЗУ „КУЗМАН ШАПКАРЕВ" - БИТОЛА ВО 2021 ГОДИНА

Со цел успешно функционирање на сите аспекти од работењето на СОЗУ „Кузман Шапкарев" - Битола, неопходна е потребата од изнаоѓање на соодветен и ефикасен начин за справување на корупцијата. Поради тоа, приоритет е бескомпромисната и неселективна борба против коруптивното однесување. Притоа, определбата на училиштето за спречување на корупцијата и последиците од неа претставува и дел од стратешките определби на СОЗУ „Кузман Шапкарев" - Битола.

### ЦЕЛИ НА ПЛАНОТ

Целта на Годишниот план за спречување на корупцијата во СОЗУ „Кузман Шапкарев" - Битола за 2021 година е пред се јакнење на личниот и професионалниот интегритет на вработените во Училиштето со цел ефикасно спротивставување на корупцијата и судирот на интереси, како и законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работите, на кој начин вработените покрај зачувување на сопствениот углед, ќе бидат одговорни и за зачувување на угледот на Училиштето во кое се вработени.

СОЗУ „Кузман Шапкарев" - Битола ќе се стреми да воспостави индивидуален интегритет на вработените, што подразбира личен однос кон прашањата на корупција, судирот на интереси, јавниот интерес и способност да се изгради отпорност како сопствен начин на работа, како и отчетност, професионалност и коректност во донесувањето на одлуките и извршувањето на надлежностите утврдени со позитивните законски прописи и актите на Училиштето.

СОЗУ „Кузман Шапкарев" - Битола ќе се стреми да воспостави и институционален интегритет што означува "отпорност кон корупција" и подразбира воспоставен систем од политики, стандарди, механизми и процедури кои го намалуваат ризикот од коруптивно однесување од страна на вработените, а воедно ги мотивира кон чесен и професионален однос при извршувањето на службените должности.

Како најчести процеси кои се подложни на корупција во училиштата се: јавни набавки, вработувања, издавање на различни одобренија и решенија, лиценци и дозволи, издавање на свидетелства и дипломи и други активности директно поврзани со работењето на училиштето.

Поимот корупција, во смисла на законските одредби, ги опфаќа и поимите на:

- <u>пасивна корупција</u> - намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се

воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски и

- активна корупција - намерно делување на било кое лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

*Судир на интереси* подразбира состојба во која службено лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасно вршење на неговите овластувања и должности.

*Корист* претставува остварување на секој вид материјална или нематеријална придобивка , погодност или предност за себе или за друг.

## СТРАТЕШКИ АКТИВНОСТИ

Во Годишниот план за спречување на корупција СОЗУ „Кузман Шапкарев" - Битола за 2021 година се предвидуваат следните стратешки активности:

- ***лидерство*** - прифаќањето на силна лидерска улога за одржување на високо ниво на интегритет на сите аспекти на работењето на СОЗУ „Кузман Шапкарев" - Битола претставува обврска на менаџментот на училиштето. Одговорноста за успешното спречување на корупцијата и судирот на интереси ја има највисокото раководство на Училиштето;
- ***владеење на правото -*** одговорност на сите вработени во СОЗУ „Кузман Шапкарев" - Битола да постапуваат согласно Уставот, законите, подзаконските прописи и сите акти на Училиштето;
- ***јавност и транспарентност во работењето*** – СОЗУ „Кузман Шапкарев" - Битола ќе работи транспарентно, отчетно и одговорно и со целосна афирмација на принципите на стручност, компетентност и професионалност во извршувањето на работите и задачите. Дополнително, преку целосна примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и преку својата интернет страница СОЗУ „Кузман Шапкарев" - Битола, ќе се стреми кон обезбедување на највисоко ниво на транспарентност во своето работење со цел зголемување на довербата на корисниците на услуги;
- ***етичко однесување на вработените во*** СОЗУ „Кузман Шапкарев" - Битола- Училиштето максимално и посветено ќе се стреми кон унапредување на личниот и професионалниот интегритет на секој вработен во него. Раководните лица на сите нивоа ќе вршат надзор над однесувањето на сите вработени и ќе

се погрижат секој вработен да го почитува етичкиот кодекс на однесување во работењето, секој вработен да знае да ги препознае облиците на коруптивно однесување и да и се спротивстави на корупцијата. Системот на утврдување на одговорност и понатаму ќе се зајакнува со цел да се спречи секаков облик на коруптивно однесување и да се обезбеди висок степен на дисциплина на вработените во секојдневното извршување на работните задачи;

- ***вработување, селекција и унапредување*** - овие процеси ќе бидат транспарентни, објективни и ослободени од притисоци и влијанија, и тоа преку користење на алатки за идентификување на кандидатите кои поседуваат академско и професионално знаење, способности и соодветни компетенции согласно нормативот предвиден засоодветно работно место, како и препознавање на високо ниво на чесност. Оценувањето на вработените ќе биде објективен процес кој ќе им овозможи на претпоставените да ја оценат целокупната работна изведба и ангажман, да ги идентификуваат можностите за развој, да ги признаат и наградат најуспешните вработени и да придонесат за постигнување на целите на Училиштето;
- ***надлежност и одговорност на раководството*** - раководството на СОЗУ „Кузман Шапкарев" - Битола (изразено преку Директорот) има водечка улога во спречување на корупцијата. Преку своето однесување тој е должен со вложување на своите лични и професионални капацитети да го поттикнува и негува кај сите вработени чувството на лојалност и желбата за соработка во намалување на коруптивното однесување;
- ***спречување на судир на интереси при преземање на службени дејствија*** - вработените во Училиштето ќе бидат постојано поттикнувани да внимаваат на потенцијалниот судир на интереси и да ги преземат сите мерки за негово одбегнување, а во случај на сомневање за негово постоење да ги преземат сите неопходни мерки за да го спречат влијанието на нивниот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на нивните овластувања или должности и за тоа да го известат нивниот претпоставен;
- ***зајакнување на меѓуинституционалната соработка* во *борбата против криминалот и корупцијата*** - Училиштето ќе остварува непосредна соработка со Јавното обвинителство, Министерството за внатрешни работи и Државната комисија за спречување на корупцијата, како и со сите други надлежни државни органи и институции, особено во случаите кога основано се сомнева дека кривичните дела против службената должност се извршени од страна на вработени лица во СОЗУ „Кузман Шапкарев" - Битола. Училиштето активно ќе се залага за спроведување на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Законот за заштита на укажувачи.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Годишниот план за спречување на корупцијата во СОЗУ „Кузман Шапкарев" - Битола во 2021 година ќе се имплементира во период од една година.

За реализација на планираните активности надлежни се сите се стручни активи и административно техничкиот кадар во Училиштето, за што ќе го информираат Директор на СОЗУ „Кузман Шапкарев“ – Битола.

Годишниот план за спречување на корупцијата во СОЗУ „Кузман Шапкарев“ - Битола во 2021 година ќе биде објавен на интернет страницата на Училиштето.

Непосредниот раководител (Директорот) е должен со овој Годишен план да ги запознаат сите вработени.

Директор
Благојче Кривевски